# Упатство за дигитално потпишување на пријава

Корисничко упатство

**Верзија на документот :** 1.0.0

**Датум на креирање :** 31.12.2010

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

бул. Кузман Јосифоски Питу бр.1 1000 Скопје
Телефон: + 389 2 3290-241, + 389 2 3290-248
Факс: + 389 2 3123-169
www.crm.com.mk

## ИСТОРИЈАТ НА ДОКУМЕНТОТ

| Верзија | Автор | Датум | Промени |
|---|---|---|---|
| 1.0.0 | ЦРРМ | 31.12.2010 | Иницијална верзија на упатството. |

## КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ

| Назив | Опис |
|---|---|
| **ЦРРМ** | Централен Регистер на РМ |
| **OSS2/ЕШС2** | Едношалтерски Систем, фаза 2 (ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА) |
| **JRE** | Java Runtime Environment -надворешна компонента која е потребна за дигитално потпишување на пријавите во системот. |

**СОДРЖИНА**

**1 ВОВЕД ....... 6**

**2 УПАТСВО ЗА ДИГИТАЛНО ПОТПИШУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ....... 7**

2.1 Предуслов ....... 7

2.2 Упатство за инсталација на Java Runtime Environment ....... 7

2.3 Упатство за потпишување на пријава ....... 11

## ИЛУСТРАЦИИ

- Потврда за инсталација на JRE ..... 7
- Безбедносно прашање за отварање на JRE ..... 8
- Инсталација на JRE ..... 9
- Успешна инсталација на JRE ..... 10
- Инсталација на дополнителни компоненти за потпишување ..... 11
- Страна за преглед на пријава и потпишување ..... 12
- Прозорец за избор на дигитален сертификат ..... 13
- Прозорец за известување ..... 13
- Податоци за сертификатот при успешно потпишување на пријава ..... 14

# 1 ВОВЕД

Ова корисничко упатство се однесува на функционалноста за дигитално потпишување на пријава во системот „ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА“.

Секоја пријава поднесена преку веб базираното решение ќе мора да биде дигитална потпишана од страна на корисникот, со цел податоците да бидат валидни при испраќањето во ЦРРМ. Дигиталното потпишување се извршува во чекорот (акција) „Потпис“ во секоја од пријавите.

# 2 УПАТСВО ЗА ДИГИТАЛНО ПОТПИШУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

## 2.1 Предуслов

Потребно е да ги имате инсталирано следниве компоненти:

- Java Runtime Environment (JRE) – Линк за превземање: http://www.java.com/en/download/index.jsp
- Дигитален сертификат на локалната машина. За инсталација на дигиталниот сертификат, ве молиме контактирајте ја компанијата од каде што сте го набавиле истиот.

## 2.2 Упатство за инсталација на Java Runtime Environment

Java Runtime Environment компонентата потребна за потпишување на пријавите во системот, автоматски ќе побара дозвола за инсталација на самата страна за потпишување, доколку претходно ја немате инсталирано.

На првиот прозорец кликнете **ОК**.




Слика 1 - Потврда за инсталација на JRE

Притиснете на **Run** за да ја отворите инсталацијата на JRE компонентата.




Слика 2 - Безбедносно прашање за отварање на JRE

Откако ќе се отвори инсталацијата, притиснете на **Install**.




Слика 3 - Инсталација на JRE

Откако ќе заврши инсталацијата на JRE, притиснете **Close**.




Слика 4 - Успешна инсталација на JRE

Вратете се повторно на апликацијата „ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА“ и отворете ја пријавата која сте ја започнале. Кликнете на табот за Потпис.

Системот автоматски ќе инсталира дополнителни компоненти кои се потребни за потпишувањето на пријавите.




Слика 5 - Инсталација на дополнителни компоненти за потпишување

Откако ќе заврши целосната инсталација, доколку неможе повторно да потпишете, одјавете се и повторно најавете се во системот.

## 2.3 Упатство за потпишување на пријава

Во акцијата „Потпис“, кликнете на копчето **Потпиши** кое се наоѓа најдоле десно од екранот.






Слика 6 - Страна за преглед на пријава и потпишување

Се отвара прозорец за избор на инсталирани сертификати:




Слика 7 - Прозорец за избор на дигитален сертификат

Кликнете на Освежи за да се прикаже листата на сертификати кои се инсталирани на вашиот компјутер.

Потоа, одберете соодбетен сертификат и кликнете Избери.




Слика 8 - Прозорец за известување

Се појаува порака за успешно или неуспешно потпишување. Кликнете ОК.




Слика 9 - Податоци за сертификатот при успешно потпишување на пријава

Притиснете на Следен за да се отвори табот за плаќање на пријавата.

Напомена: доколку ја промените пријавата откако ќе се потпише, дигиталниот потпис автоматски се губи. Откако сте завршиле со промените, ќе мора повторно да ја потпишете истата..